**ПРЕПОРАКИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ ОД СТРАНА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**[i]

Овој документ има за цел да ги информира јавните обвинители за различните ризици при користење на социјалните медиуми и нуди практични совети за справување со етичките прашања поврзани со активностите и присуството на социјалните мрежи и медиуми. Препораките не се ограничени само на споменатите во овој документ и треба да се третираат исклучиво како збир на насоки наменети да им помогнат на јавните обвинители да се справат со најчестите предизвици што произлегуваат од специфични онлајн активности. Препораките можат соодветно да се користат од страна на обвинителскиот кадар и членовите на Советот на јавни обвинители.

I. Вовед

Социјалните медиуми станаа важен дел од животот на многу луѓе и го променија начинот на кој информациите се собираат, комуницираат и се шират. Учеството и присуствотона социјалните мрежи е секојдневна реалност за луѓето ширум светот, нудејќи можност нивните коментари, мислења и размислувања веднаш да бидат споделени со исклучително голем број луѓе, притоа замаглувајќи ги границите меѓу јавниот и приватниот живот.

Важно е јавните обвинители да останат блиски до заедниците во кои живеат и општеството на кое му служат. Во ера во која онлајн активностите претставуваат значаен дел од таквата вклученост, нереално е да се очекува јавните обвинители да не користат социјални медиуми. Сепак, согласно меѓународните стандарди, припадниците на судството, вклучително и јавните обвинители, подлежат на построги ограничувања од другите во нивниот професионален и приватен живот и однесување, па затоа онлајн активностите и изјавите што би биле дозволени и соодветни за припадник на општата јавност можат да бидат несоодветни за обвинител. Оттука, користењето на социјалните медиуми од страна на јавните обвинители покренува специфични прашања и етички дилеми. Иако нивното дигитално учество отвора нови можности, како што е зголемување на разбирањето на јавноста за правото и судскиот систем, јавниот интерес мора да се балансира со потребата од одржување на довербата на јавноста во институцијата, правото на правично судење и автономијата на јавното обвинителство, како и непристрасноста, интегритетот и независноста на јавните обвинители, како неопходен услов за градење доверба на јавноста во судскиот систем во целина.


Funded by the European Union
EU with YOU

Без оглед на фактот дека лишувањето на обвинителите од можноста да користат дигитални средства за комуникација е нереално во современи услови, јавните обвинители секогаш треба да имаат предвид дека нивниот имиџ и приватното појавување на социјалните медиуми може негативно да влијаат врз перцепцијата на јавноста за јавното обвинителство и судскиот систем, па дури и да доведат до тоа да бидат перцепирани како пристрасни или подложни на надворешно влијание. Дополнително, тоа може да претставува потенцијална закана за нивната приватност и безбедност и да ги изложи на напади, негативни коментари и сајбер-вознемирување.

На крај, без оглед на тоа дали ги користат социјалните медиуми или не, јавните обвинители треба да поседуваат општо познавање за социјалните медиуми и разбирање на постојните онлајн алатки за комуникација, вклучително и технологиите засновани на вештачка интелигенција.

II. Национално законодавство

И покрај тоа што не постојат правни или етички ограничувања за јавните обвинители во Република Северна Македонија да користат платформи на социјални мрежи, сепака оваа комуникација,треба да подлежи на истите правила како и комуникацијата во реалниот свет. Без разлика дали станува збор за директен контакт лице в лице, писмена комуникација, телефонски разговор или комуникација преку социјални медиуми, истите принципи треба да се применуваат при оценката дали во конкретните околности постоело прекршување на принципите на етичко однесување.

Дополнителни принципи можат да се изведат и преку примена на постојните меѓународни стандарди за слобода на изразување и за професионалното однесување на јавните обвинители, како при вршењето на нивните службени должности, така и во нивниот приватен живот.

Ниту една од одредбите на Кодексот на етика на јавните обвинители во Република Северна Македонија, усвоен од Советот на јавни обвинители на 5 мај 2021 година (во понатамошниот текст: Кодексот), не се однесува директно на социјалните медиуми. Сепак, согласно член 5, јавните обвинители се должни во секое време да се придржуваат до принципите на независност, непристрасност, интегритет, спречување на судир на интереси, ефикасност и професионално однесување, професионализам, достоинство и воздржаност.[1] При сите јавни настапи тие треба да се однесуваат на начин што го штити угледот на нивната професија. Кодексот особено наложува воздржување од вклучување во активности кои би биле во судир со нивните службени должности или би можеле да го нарушат угледот на јавнообвинителската служба или да ја доведат во прашање објективноста на јавните обвинители. Јавните обвинители се должни да ја почитуваат професионалната тајна, да постапуваат пристојно и коректно и на начин што ја штити довербата на јавноста во работата на јавното обвинителство.

[1] Член 4 од Етичкиот кодекс


Funded by the European Union
EU with YOU

Иако Кодексот ја потврдува слободата на изразување на јавните обвинители, тој воведува и одредени ограничувања. Согласно Кодексот, при користењето на слободата на говор, јавните обвинители мора да се воздржат од изразување оценки, мислења и ставови кои би можеле да предизвикаат сомнеж кај јавноста во нивната непристрасност, независност и објективност при вршењето на нивните функции. Поконкретно, Кодексот ги ограничува јавните обвинители јавно да коментираат за заклучоците, ставовите, препораките, мислењата, упатствата и другите одлуки донесени од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, стручниот колегиум или донесени на состаноци на јавното обвинителство. Во конкретното работење оваа забрана опфаќа и коментирање на предмети по кои јавните обвинители постапуваат или други јавни обвинители постапуваат. Исто така, јавните обвинители се должни во јавните настапи да внимаваат да не го нарушат својот но и угледот на Јавното обвинителство и Советот на јавните обвинители.[2]

Оттука, користењето на социјалните медиуми од страна на јавните обвинители во Република Северна Македонија е дозволено сè додека нивната активност не го нарушува достоинството и угледот на Јавното обвинителствои Советот на јавните обвинители, а нивното однесување не фрла сомнеж врз етичките принципи според кои тие се должни да постапуваат.

## III. Слобода на изразување на јавните обвинители

Членовите 1 и 14 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи предвидуваат дека „секој што се наоѓа под јурисдикција“ на државите потписнички мора да ги ужива правата и слободите утврдени во Дел I од Конвенцијата „без дискриминација по која било основа“. Иако став 2 од член 10 ги утврдува условите под кои слободата на изразување може да биде предмет на ограничувања, тој не се однесува на одредени категории лица, туку на легитимни цели кои дозволуваат мешање во слободата на изразување, под услов таквото мешање да биде во согласност со законот и неопходно во едно демократско општество.

Според добро утврдената судска практика на Европскиот суд за човекови права, нивниот статус не ги лишува јавните обвинители од заштитата што ја обезбедува Конвенцијата, вклучително и член 10 кој ја утврдува слободата на изразување.[3] Сепак, остварувањето на овие слободи носи со себе посебни одговорности и должности. Како државни службеници, обвинителите треба да покажат воздржаност при остварувањето на овие права и секогаш да се однесуваат на начин што ќе го зачува достоинството на нивната функција, како и непристрасноста и независноста на

---

[2] Член 10од Кодексот.

[3] Европските законодавни и уставни одредби, како и релевантната судска практика, покажуваат дека гаранциите за слободата на изразување се применуваат и на државните службеници, вклучително и на јавните обвинители; меѓу другото, види: ***Воат против Германија*** (апликација бр. 17851/91), ***Питкевиќ против Русија*** (апликација бр. 47936/99), ***Виле против Лихтенштајн*** (апликација бр. 28396/95), ***Бака против Унгарија*** (апликација бр. 20261/12), ***Кајасу против Турција*** (апликации бр. 64119/00 и 76292/01), ***Бриш против Романија*** (апликација бр. 26238/10).

судството.[4] Сепак, имајќи ја предвид, особено, сѐ поголемата важност што ѝ се придава на поделбата на власта и значењето на заштитата на автономијата на јавното обвинителство, секое мешање во слободата на изразување на јавен обвинител бара внимателно испитување на околностите на секој поединечен случај, со цел да се утврди дали е постигната правична рамнотежа меѓу основното право на поединецот на слобода на изразување и легитимниот интерес на една демократска држава.[5]

При остварувањето на својата слобода на изразување, членовите на судството, вклучително и јавните обвинители, треба да ги имаат предвид своите одговорности и должности како државни службеници и да покажат воздржаност при изразувањето на своите ставови и мислења во секоја околност кога, во очите на разумен набљудувач, нивната изјава објективно би можела да ја доведе во прашање нивната функција или нивната независност или непристрасност. Како општ принцип, тие не треба да бидат вклучени во јавни контроверзии. Сепак, во ограничени околности тие можат да ги изразат своите ставови и мислења за прашања што се политички чувствителни, на пример кога учествуваат во јавни дебати во врска со законодавството и политиките што можат да влијаат врз судството или јавното обвинителство.

## IV. Општи забелешки

Јавните обвинители никогаш не се вистински „надвор од должност“ кога станува збор за етичките обврски, и сите нивни активности на интернет мора внимателно да се разгледуваат со цел да се зачува довербата на јавноста и интегритетот на функцијата, како и на целиот правосуден систем. Тие треба да настојуваат да бидат, и да изгледаат, непристрасни и да ги следат принципите на независност, интегритет, спречување на судир на интереси, професионализам, достоинство и воздржаност.[6]

Тие секогаш треба да ги имаат предвид нормите на професионалната етика и, особено при користење на социјалните медиуми, да бидат свесни дека:

- секоја објава што ја објавуваат на приватните социјални медиуми и мрежи има директно влијание врз угледот на јавното обвинителство,
- социјалните медиуми можат да бидат предмет на широк спектар злоупотреби и манипулации,
- социјалните медиуми нудат ограничена можност, ако таква воопшто постои, ефикасно да се контролира или повлече она што е соопштено; тоа може да остане на интернет трајно, па затоа е разумно да се избегнуваат емотивни, импулсивни и непромислени реакции,

[4] Според 24 јуни 2019 Специјалниот известувач за независност на судии и адвокати пред Советот за човекови права

[5] Прашањето за легитимноста на мешањето во слободата на изразување на членовите на судството беше многу широко разгледано во пресудата ***Даниелет против Романија*** (апликација бр. 16915/21); види исто така ***Харабин против Словачка*** (апликација бр. 58688/11).

[6] Член 4 од Кодексот.



Funded by the European Union
EU with YOU

- коментарите и споделувањата на социјалните медиуми и мрежи можат да се прошират надвор од платформите што биле користени и лесно да бидат извадени од контекст, искривени или погрешно прикажани од трети лица,
- начинот на кој се перципираат на социјалните медиуми може да се темели не само на нивните активности, туку и на информациите што ги примаат и од кого ги примаат, дури и кога контактот не бил побаран од нив и кога тие немаат сеќавање на него,
- користењето на социјалните медиуми од страна на обвинителите не смее да се меша со комуникациските политики на нивната институција и треба да биде во согласност со утврдените комуникациски правила,
- објавите на социјалните медиуми не смеат да создаваат впечаток дека се споделуваат во име на институцијата или да се сфаќаат како официјален став на јавното обвинителство,[7]
- изјавите за одрекување од одговорност (disclaimers) можат да бидат корисни за намалување, но не и за целосно елиминирање на ризикот од погрешна перцепција на содржината на социјалните медиуми од страна на јавноста, бидејќи не секој ги чита внимателно,
- современите камери забележуваат повеќе детали отколку што се видливи со голо око, па затоа амбиентот за какви било фотографии или видеа што се објавуваат мора внимателно да се избере поради ризикот од ненамерно откривање податоци,
- опремата обезбедена за вршење јавни функции не смее да се користи за објавување содржини на социјалните медиуми и мрежи, ниту пак оваа активност смее да се врши во работно време или со користење на електронски адреси доделени за службени должности на јавниот обвинител,
- профилите на социјалните медиуми не смеат, директно или индиректно, да ги унапредуваат финансиските или комерцијалните интереси на обвинителите или на трети лица.

## V. Правила на однесување

### 1) Избор на социјален медиум

Јавниот обвинител не смее да биде поврзан со екстремистички или контроверзни медиуми. Не се препорачува објавување на платформи, вклучително и онлајн медиуми, кои по својата природа можат да поттикнуваат сензационализам или кои јавноста ги поврзува со конкретни идеолошки и политички позиции, на штета на неутралноста и плурализмот. Иако користењето на социјалните мрежи спаѓа во сферата на правото на приватен живот и слободата на изразување, тоа бара претпазливост и добра информираност за природата, начинот на функционирање и условите за нивно користење.

[7] Согласно член 16 од Кодексот, јавните обвинители треба да ја користат Службата за односи со јавност при Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за информирање на јавноста со подетални информации за конкретни предмети.

Јавните обвинители треба:

- внимателно да ги избираат социјалните медиуми што сакаат да ги користат,
- да не се приклучуваат или да не следат медиуми и групи чија содржина е исполнета со говор на омраза и насилни, дискриминаторски, општествено поларизирачки и расистички дискурси,
- да избегнуваат социјални медиуми кои промовираат расизам, хомофобија, фанатизам, нетолеранција или каква било форма на предрасуди,
- да се осигурат дека социјалните медиуми што ги разгледуваат за користење не содржат материјали што би можеле негативно да се одразат врз нивната професија и угледот на јавното обвинителство,
- да имаат предвид дека со станување онлајн член на група на социјалните медиуми постои реален ризик да бидат перципирани како да ги поддржуваат сите активности и ставови во рамките на таа група, иако можеби немаат можност да ги следат сите активности и соодветно да реагираат.

2) Кориснички профил

Не постои законска регулатива што им наметнува обврска на јавните обвинители да учествуваат на социјалните мрежи под своето полно име, ниту пак постои обврска да се повикуваат на обвинителската функција. Јавните обвинители имаат слобода сами да одлучат за ова прашање, но при тоа мора да го земат предвид контекстот (на пример, обвинителите кои ги користат социјалните мрежи за едукација на јавноста за правни прашања можат да ја наведат својата титула). Сепак, јавното објавување на податоци за обвинителскиот статус може да претставува злоупотреба на угледот на обвинителската функција доколку истиот профил понатаму се користи за строго приватни цели. Во таков случај, јавноста може да смета дека функцијата била искористена за лична корист на обвинителот или на други лица, без оглед на тоа колку општо добра може да биде целта. Затоа, може да биде корисно да се направи раздвојување помеѓу приватниот и професионалниот идентитет.

Иако само по себе не постои етички проблем во користењето или пристапувањето до социјалните мрежи со алијас или псевдоним, тоа не оправдува етички неприфатливо однесување. Анонимното објавување или користењето псевдоним на интернет може да биде начин за заштита на приватноста, но може да се доведе во прашање дали анонимноста ја поттикнува одговорноста и отчетноста на обвинителите кои одлучуваат да учествуваат во јавниот дискурс. Тоа, исто така, може да предизвика — дури и неоправдано — сомневање во намерите на лицето што дејствува анонимно, а кога идентитетот ќе биде откриен, да му наштети на угледот на јавниот обвинител кој постапувал на таков начин и, следствено, да влијае врз перцепцијата на јавноста за јавното обвинителство во целина.

Јавните обвинители треба:

- да имаат предвид дека користењето псевдоним не ги ослободува од обврската да ги почитуваат сите етички стандарди,
- да избираат корисничко име и профилна фотографија што не се недолични или исмејувачки,
- да се воздржат од создавање лажни профили и сметки за споделување содржини на социјалните медиуми.

3) Содржина

Секој облик на изразување од страна на јавен обвинител (придонеси, коментари, фотографии и сл.) мора да го зачува достоинството на неговата функција и не смее да предизвика сомнеж во неговата непристрасност или независност. Потребно е да се внимава на пристојноста и учтивоста во содржините што се споделуваат на социјалните медиуми и мрежи. Јавните обвинители не треба да ги користат социјалните медиуми за тривијализирање на грижите на другите или за да даваат забелешки што дискриминираат по која било забранета основа. Тие треба да бидат внимателни во однос на тонот и јазикот што го користат. Треба да имаат предвид дека сатиричните изрази или ироничната критика можат да бидат сфатени спротивно на нивната намера, како и дека објавите што ги објавиле за ограничен број контакти можат да бидат споделени и да станат јавни, без оглед на нивната намера.

Барањето за непристрасност и независност подразбира обвинителите да се воздржат од јавно објавување на свои политички ставови или мислења кои би можеле така да се перципираат, меѓутоа поновата судска практика на Европскиот суд за човекови права прифаќа одредени исклучоци за политички чувствителни прашања поврзани со функционирањето на правдата, заштитата на основните човекови права, недискриминацијата, родовата еднаквост и владеењето на правото. Доколку обвинителите навистина изразат политички ставови, на пример со јавно искажување поддршка за одреден кандидат за политичка функција, тие со право можат да бидат обвинети за пристрасност доколку бидат повикани да постапуваат по предмет поврзан со политичка организација или политички случај.[8]

[8] Прашањето беше разгледано и во истата судска практика за слободата на изразување на судии, која е применлива, mutatis mutandis, и за јавните обвинители. Судот заклучи, меѓу другото, дека во демократско општество прашањата кои се однесуваат на функционирањето на правосудниот систем спаѓаат во јавниот интерес и, следствено, генерално уживаат висок степен на заштита според член 10 од Конвенцијата, со особено тесен опсег на дискреција на властите. Дури и ако прашањето за кое станува збор во врска со судството има политички импликации, тоа само по себе не е доволно за да се спречи судијата да даде изјава по тоа прашање, види: Журек против Полска (Апликација бр. 39650/18), Харабин против Словачка (Апликација бр. 58688/11), Виле против Лихтенштајн (Апликација бр. 28396/95).

Согласно член 5 од Кодексот, јавните обвинители се должни да обезбедат доверба во независноста на нивната работа и, особено (…) при вршењето на своите должности, да се воздржат од какво било изразување политички ставови и од јавни настапи од политичка природа, освен во случаи на учество во јавни расправи кои директно се однесуваат на работата на јавното обвинителство, како и да се воздржат од присуство на политички собири или од учество во политички активности или кампањи, изразени на кој било начин (…).

Јавните обвинители треба:

- да ги почитуваат стандардите што ја уредуваат етиката на однесувањето на јавните обвинители и да внимаваат на ограничувањата на правото на слобода на изразување што произлегуваат од нив,[9]
- да избегнуваат каква било деструктивна, одбивна, недобронамерна или навредлива реторика,
- да избегнуваат несоодветни изрази, какви било контроверзни, дискриминаторски и навредливи мислења, како и вулгарни и сексистички коментари,
- да не даваат изјави што укажуваат на пристрасност или предрасуди врз основа на раса, пол, религија, национално потекло, етничка припадност, попреченост, возраст, сексуална ориентација или брачен статус,
- да проверуваат кој може да ја види нивната објава (пријатели, пријатели на пријатели, сите) и да бидат свесни дека дури и објавите наменети за ограничен број контакти можат да бидат споделени и пренесени до поширока јавност спротивно на нивната намера, бидејќи не можат да ги спречат своите контакти да ги споделуваат информациите со своите контакти или дури и со поширока јавност,
- да бидат свесни за ефектот на „ехо-комората“ – следење исклучиво извори на информации што одразуваат одредена политичка или општествена визија или политичари кои застапуваат одредена политичка ориентација,
- да не споделуваат на социјалните медиуми или мрежи какви било информации добиени во текот на вршењето на службената должност или службени документи,
- да не коментираат за предмети во тек – оние по кои постапуваат или би можеле да постапуваат,[10]
- да не споделуваат на социјалните медиуми какви било информации за трети лица без нивна согласност, во согласност со принципот на почитување на приватниот живот,
- да бидат внимателни при објавување каква било фотографија или снимка, за да не откријат ненамерно податоци што не сакаат да ги објават,

[9] Согласно член 5, член 6 и член 10 од Кодексот, јавните обвинители мора да се воздржат од изразување оценки, мислења и ставови кои можат да предизвикаат сомнеж кај јавноста во нивната непристрасност, независност и објективност при вршењето на нивните должности. Поконкретно, Кодексот изречно им забранува на јавните обвинители јавно да коментираат за одлуките донесени од Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија или за заклучоците, ставовите, препораките, мислењата, упатствата и другите одлуки донесени од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, стручниот колегиум или донесени на состаноците на јавното обвинителство. Оваа забрана опфаќа и коментирање на предмети по кои јавните обвинители постапуваат или би можеле да постапуваат.

[10] Директна обврска која произлегува од член 6 од Кодексот



Funded by the European Union
EU with YOU

- да не објавуваат несоодветни фотографии или видеа (на пр. со присуство на консумирање алкохол или голотија); сите лични информации или фотографии споделени на социјалните медиуми треба да бидат умерени и пристојни,
- да се воздржат од какво било изразување политички ставови или изрази од политичка природа и да внимаваат да не ја користат својата слобода на изразување на начин што може да носи политичка порака или да се перципира како таква,
- да се воздржат од објавување изјави во врска со прашања што се предмет на јавни партиски контроверзии,
- да се воздржат од споделување каква било содржина што може да се сфати како давање правни совети.

4) Однесување на интернет

Однесувањето на јавните обвинители на социјалните медиуми е јавно видливо. Секој коментар или изјава објавена од обвинител мора да биде во согласност со достоинството на функцијата. Јавните обвинители мора да обезбедат нивните активности на социјалните медиуми да не создаваат негативен впечаток за нивниот статус и да не доведуваат во прашање нивната непристрасност или независност. Ова значи дека обвинителите мора да се воздржат од социјално неприфатливо или однесување кое може да биде осудувано. Ова важи не само за типот на содржина што ја објавуваат и активностите во кои учествуваат, туку и за начинот на кој тоа го прават.

Јавните обвинители треба:

- да ги третираат другите на социјалните медиуми со достоинство и почит, да избегнуваат онлајн кавги и непријателски комуникации,
- да не се вклучуваат во дискусии кои ја преминуваат границата и ги надминуваат рамките на слободата на изразување,
- да се воздржат од емотивни и импулсивни реакции онлајн, дури и ако се навредени или злоупотребени,[11]
- да се воздржат од какви било интеракции кои може да содржат дискриминација, говор на омраза, расизам, сајбер-злоставување, насилство, повреда на правата и слободите на децата или да бидат на друг начин вознемирувачки,
- да не даваат коментари или да не учествуваат во однесување на социјалните медиуми кое може да биде непријатно или несоодветно,

[11] Согласно член 11 од Кодексот, јавните обвинители се должни да го известат својот надлежен (повисок) јавен обвинител за активности кои можат да предизвикаат сомнеж во перцепцијата на јавноста во однос на нивната независност и објективност и со тоа да ја нарушат нивната јавна репутација и репутацијата на јавното обвинителство како целина. Согласно член 26 од Кодексот, се определува службено лице за интегритет кое врши советодавни активности во врска со етичките дилеми кај вработените во јавните обвинителства и кое може, по барање на јавен обвинител, да даде мислење и совет за усогласеноста на одредено однесување со Кодексот.

- да внимаваат нивните коментари да бидат објективни, аргументирани, со користење на зборови кои не можат да се погрешно толкуваат и со цел промоција на родова еднаквост,
- да не придонесуваат за ширење вести за кои не се сигурни и кои може да ја заведат јавноста или да предизвикаат јавна негодување и нарушување на редот,
- секогаш да имаат на ум дека ширењето дури и на точни информации мора да се врши со умереност и пристојност,
- да не коментираат за какви било предмети во тек[12] и да не споделуваат на социјалните медиуми или мрежи какви било информации или службени документи што ги добиле во текот на предметите,
- да избегнуваат учество или поврзување со дискусии за прашања кои спаѓаат во надлежноста на нивната канцеларија,
- да не дискутираат за компетенциите или однесувањето на своите колеги и соработници,[13]
- да избегнуваат споделување на какво било лично мислење, размислување или содржина што може да создаде впечаток на пристрасност за каков било тековен или иднина предмет,
- да не бараат од други лица, како членови на семејство, пријатели или персонал, да објавуваат или споделуваат информации што самите тие не би имале дозвола да ги објават.

5) Воспоставување врски онлајн

Во секој случај, обвинителите треба да внимаваат да не ги доведат во прашање нивните интегритет, непристрасност и независност преку воспоставување врски на социјалните медиуми со лица кои можат да ја нарушат довербата на јавноста во јавниот обвинителски службен орган. Недозволиво е да се воспоставуваат онлајн односи со странките во постапките – пријателствата на социјалните мрежи не смеат на никаков начин да влијаат врз редовното и одговорно извршување на должностите на обвинителите, ниту врз перцепцијата на јавноста за нив.

Јавните обвинители треба:

- да ги почитуваат внатрешните правила за односи и соработка со други лица,[14]
- секогаш да имаат предвид впечатокот што нивниот онлајн однос може да и го остави на јавноста,
- да постапуваат селективно, претпазливо и внимателно при испраќање или прифаќање барање за пријателство или следење на социјалните медиуми,

[12] Види член 6 од Кодексот и пр. ***Лавентс против Латвија*** *(Апликација бр.* *58442/00)*
[13] Види ***Ди Џовани против Италија*** *(Апликација бр.* *51160/06*)
[14] Особено Поглавје V од Кодексот, член 17 и понатамошните членови

- да бидат свесни дека записот на секој контакт што го воспоставуваат онлајн ќе остане на интернет, дури и ако повеќе немаат меморија за него,
- да не воспоставуваат пријателства со лица кои споделуваат содржини полни со говор на омраза, насилство, дискриминација, општествено поларизирачки или дискурси околу расни прашања.

6) Свесност на останатите луѓе за етичките обврски на јавните обвинители

Јавните обвинители можеби ќе треба да разговараат и со своето семејство за социјалните мрежи и нивните импликации и ризици за обвинителската професија. Членовите на семејството и пријателите треба да бидат свесни како да не ги нарушат непристрасноста, интегритетот или достоинството на обвинителите при објавување или споделување свои содржини.

Јавните обвинители треба:

- да бидат свесни дека, дури и ако самите не се активни корисници на социјални мрежи, можат да се појават ризици за приватноста и безбедноста од користењето на социјалните мрежи од страна на нивните членови на семејството или блиски пријатели,
- да обезбедат објавите на социјалните мрежи споделени од нивните најблиски членови на семејството да не бидат такви што би ја довеле во прашање нивната непристрасност и независност, професионалниот углед или довербата на јавноста во правосудниот систем,
- да ги замолат членовите на семејството и другите контакти да не ги обележуваат (tag) на фотографии или да ја деактивираат опцијата за обележување на социјалните мрежи.

7) Следете ја активност на интернет

Опсегот на потенцијалните видови социјални медиуми, односно присуството на социјалните мрежи, е практично неограничен, а повеќето платформи за социјални медиуми постојано се развиваат. Следствено, различни пристапи може да бидат соодветни во зависност од природата и видот на платформата за социјални медиуми. Определено ниво на следење и контрола на делот за коментари на социјалните медиуми може да биде потребно од страна на обвинител, во зависност од природата на користената платформа, за да се избегне впечаток дека јавниот обвинител го прифаќа коментарот кој содржи незаконска или социјално неприфатлива содржина.

Јавните обвинители треба:

- да вложат напор редовно да го проверуваат делот за коментари и да отстрануваат коментари кои содржат незаконски, несоодветен или дискриминаторски јазик или содржина,
- да се откажат од следење или учество на платформи за социјални медиуми и мрежи кои се претвораат во вид на медиум што може да го доведе во прашање нивниот впечаток на непристрасност и независност, професионален углед и достоинство на функцијата,
- да избришат било која објава која, иако во моментот на објавување била прифатлива, подоцна се покажува дека може да има негативен ефект врз нивната непристрасност, независност или професионален углед.

8) Безбедност на податоците

Јавните обвинители треба да се запознаат со правилата и поставките за безбедност и приватност на платформите за социјални медиуми, како и со стандардните поставки на веб-страниците и прелистувачите, и периодично да ги прегледуваат. Особено треба да имаат предвид дека сè што објавуваат онлајн може да се смета за јавно. Обвинителите треба да бидат свесни за ризиците и правилноста на споделувањето лични информации на социјалните медиуми, особено ризиците за приватност и безбедност при откривање на нивната локација. Видливоста на лични информации може да го загрози нивниот интегритет, да доведе до ситуации каде странките вршат притисок или дури и закани за да се донесат одлуки во нивна корист. Исто така, обвинителите можат да бидат изложени на несакани сексуални фотографии, непристојни коментари и несоодветни напади, како и на малтретирање и злоупотреба на социјалните медиуми.

Јавните обвинители треба:

- да бидат свесни за можноста од „jigsaw research“ (собирање информации од различни извори за идентификација на личноста),
- да обезбедат што помалку лични информации при регистрација на онлајн услуги и платформи,
- редовно да ги менуваат лозинките на социјалните мрежи,
- да не користат иста лозинка за сите сметки и платформи,
- да размислат за исклучување на опцијата за следење на локација на своите уреди,
- да бидат свесни за високите безбедносни ризици поврзани со користење јавен Wi-Fi на смартфони и други уреди,
- да ги држат личните податоци на минимум на своите профили на социјалните мрежи и да внимаваат кој може да ги гледа,


Funded by the European Union

- да се воздржат од споделување фотографии, адреси и географска локација кои би можеле да ја загрозат нивната безбедност или безбедноста на нивните колеги и канцеларија.

VI. Заклучок

Социјалните медиуми можат да бидат одличен алат за комуникација и едукација на заедницата, но јавните обвинители треба да бидат свесни за предизвиците и опасностите поврзани со нивната употреба. Треба да се охрабруваат да се едуцираат постојано за социјалните медиуми и да им се овозможи учество на обуки посветени на оваа тема. Посебно внимание треба да се посвети на етичките прашања поврзани со професионалното однесување кои имаат релевантно значење за користењето на социјалните медиуми.

Јавните обвинители мора да очекуваат дека ќе бидат предмет на постојан јавен надзор и коментари, кои се однесуваат и на професионалното и на личното однесување. Тие секогаш треба да разгледуваат дали каква било дигитална содржина со која можат на некаков начин да бидат поврзани, дури и содржина пред нивното стапување во професијата, може да ја наруши довербата на јавноста во нивната непристрасност или да ја оштети репутацијата на нивната канцеларија. Законитоста на нивното однесување, иако е релевантна, не е целосна мерка за правилноста; треба да се применува тестот „во очите на разумен набљудувач“ за да се оцени дали нивните активности – без разлика дали се во реалниот живот или онлајн – можат објективно да го компромитираат нивниот статус или независност.

Јавните обвинители исто така никогаш не треба да заборават дека нивната етичка обврска да ги следат принципите и правилата за однесување воведени со Кодексот не цели само на зачувување на достоинството и угледот на јавниот обвинителски службен орган како единствен и независен државен орган, туку и на преземање одговорност за неговиот понатамошен развој.

---

[i]Упатството е развиено брз основа на следните документи*:*

- *Канцеларијата на ОН за дроги и криминал и Глобалната мрежа за судски интегритет: Водичи за дискусија – „Употребата на социјални медиуми од страна на судии“ и „Ризикот и придобивките од користењето на социјалните мрежи од страна на судии“, 9-10 април 2018, Обединети нации, Виена, и Необврзувачки насоки за употребата од социјални мрежи од страна на судии, Виена 2019.*
- *Краток истражувачки материјал: Правата и одговорностите на судиите согласно член 10 од Европската Конвенција за човекови права, Оддел за истражување и библиотека на Европскиот суд за човекови права, 30.01.2019.*
- *Извештај за слободата на изразување на судиите усвоен од Венецијанската комисија на нејзината 103-та пленарна сесија (Венеција, 19-20 јуни 2015).*
- *Европска комисија за демократија преку право (Венецијанска комисија): Употреба на социјалните медиуми од страна на судии, Деонтолошки правила или упатства / Релевантни предмети, придонес на Венецијанската комисија за упатствата за користење на социјални медиуми од страна на судии подготвени од Глобалната мрежа за судски интегритет на UNODC, Стразбур, 29 април 2019 CDL-PI(2019)003; Извештај за европските стандарди во однос на независноста на судскиот систем: Дел II – Јавното обвинителство,, Стразбур, 16 март 2010.*

- *Етички стандарди за меѓународни обвинители, Ана Ориоло, Oxford Public International Law, Oxford University Press, 2023.*
- *Ресурсен пакет за изработка на насоки за користење на социјалните медиуми од страна на судските службеници, Судска конференција на Соединетите Американски Држави, Комитет за кодекси на однесување, април 2010.*
- *Независност на судиите и адвокатите, извештај на Специјалниот известувач за независност на судии и адвокати, Совет за човекови права, 41-ва сесија, 24 јуни – 12 јули 2019.*
- *Извештај на Институт CEELI, Практични насоки за користење на социјалните медиуми од страна на судиите: контекст на Централна и Источна Европа, ноември 2019.*
- *Советодавно мислење бр. 112 на Комитетот за кодекси на однесување: Користење на електронските социјални медиуми од страна на судиите и судските службеници, Водич за Федералното судство на САД*
- *Непристрасност на судиите и социјалните медиуми: пристапи, регулативи и резолуции, 11 мај 2021 година, Фондација „Конрад Аденауер"– Програма за владеење на правото за Блискиот Исток и Северна Африка*
- *Судија 2.0: Нов пристап кон судиската етика во ерата на социјалните медиуми, Натанаел Џ. Мичел, „Utah Law Review", том 2012, број 4*
- *Социјалните медиуми и отвореното судство: комуникација на судовите во ерата на вештачка интелигенција, ботови и дезинформации, Алисија Блекхам, „Judicial Review", 2025 година.*
- *Мислења на Консултативниот совет на европските обвинители (CCPE): Бр. 9 (2014) – за европски норми и принципи во врска со обвинителите (Римската хартија), Стразбур, 17 декември 2014, Бр. 10 (2015) – за улогата на обвинителите во кривичните истраги, Стразбур, 20 ноември 2015, Бр. 13 (2018) – за независност, отчетност и етика на обвинителите, Стразбур, 23 ноември 2018.*